Акционерско друштво
ЕВРОИНС
ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 0202 - 897/10
22.05. 2020 год.
СКОПЈЕ

**Акционерско друштво**
**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ**
**Скопје**

Врз основа на член 383, 384 став (1) и член 387 од Законот за трговските друштва, а согласно член 35 и 37 од Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Одборот на директори на Друштвото на состанокот одржан на ден 22.05.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за свикување на Годишно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година

**Член 1**

Се свикува Годишно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето во деловната 2019 година и надлежности на собранието утврдени во член 383 од Законот за трговските друштва.

**Член 2**

Годишното собрание на акционери на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година ќе се одржи на ден **24.06.2020 година (среда) во 12:00 часот**, во Скопје, во седиштето на Друштвото, на ул.„Скупи" бр.12, Скопје - Карпош.

**Член 3**

За седницата на Годишното собрание на акционери се предлага следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**I.Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието:
   - Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
   - Избор на Претседавач на Собранието;
   - Избор на записничар на Собранието - Имекување на Нотар за водење на Записникот на Собранието.

**II. Работен дел**

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година
   - Прилог_Мислење на Неизвршните членови на Одборот на директори по Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година;
   - Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година.

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за 2019 година

   - Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за 2019 година.
   - Прилог_Предлог Одлука за распределба на нето добивката за 2019 година.

3. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година

   - Прилог_Мислење на Неизвршните членови на Одборот на директори по Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година;
   - Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година.

4. Разгледување и усвојување на Финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година и Извештај на независниот ревизор

   - Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година и Извештај на независниот ревизор.

5. Предлог Одлука за избор на Овластен ревизор за деловната 2020 година;

6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2019 година;

   - Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2019 година;
   - Разгледување на работата на Одборот на директори со одобрување на работата на секој член одделно со Прилог_Предлог Одлуки за одобрување на работата за секој член одделно.

7. Предлог Одлука за отповикување на неизвршните членови на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје;

8. Предлог Одлука за избор на неизвршни членови на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје;

9. Предлог Одлука за определување месечен паушал на членовите на Одборот на директори.

**Член 4**

(1) Седницата на Годишното собрание на акционери се свикува согласно одредбите на Законот за трговските друштва преку објавување на Јавен повик.

(2) Се овластува Извршниот директор да го изготви и објави Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на акционери на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година, согласно одредбите на оваа одлука и Законот за трговските друштва.

**Член 5**

Оваа Одлука заедно со Јавниот повик од член 4 да се објават на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**22.05.2020 година**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
**Асен Милков Христов**

Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје